| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Право на интелектуална сопственост** | | | |
| 2. | **Код** | 50827 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Деловно право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Прва година, прв семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 8 |
| 8. | **Наставник** | д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска<br>д-р Неда Здравева | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Со изучување на предметната програма студентите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на интелектуална сопственост, видовите права и титуларите на правата. Истовремено ќе се обучат да ги препознаат и разликуваат правата на интелектуална сопственост во предметите што секојдневно ги опкружуваат. Кај правата што подлежат на регистрација, студентите ќе се обучат како да пополнат пријава за патент, трговска марка, индустриски дизајн и сл. Студентите преку едукацијата ќе треба да се стекнат со знаења како да ги разликуваат творците (автор, пронаоѓач, креатор) од носителите на правата (физички и правни лица), но и да осознаат кои права им припаѓаат (морални, материјални и други). Стекнувајќи се со знаења за правата што им припаѓаат на носителите, студентите ќе се стекнат со практични знаења како се врши прометот на правата од интелектуална сопственост (ПИС), при тоа ќе сфатат колкаво е значењето но и економската вредност на овие права во светот и кај нас. Посебно ќе се стекнат со вештини за преговарање и изработка на договорите за пренос на ПИС - договорот за лиценца, цесија, франшизинг, трансфер на технологии, договор за издаваштво, договор за филмско дело, договор за јавно прикажување, договор за авторско дело од работен однос и сл. Како резултат на добиените знаења студентите ќе се оспособат да ги препознаваат секојдневните повреди на ПИС (пиратерија и фалсификување) но ќе ги изучат и причините за овие појави. Како логична завршница на овој курс студентите ќе се стекнат со знаења за заштитата на овие права.<br>Целата на предметот право на интелектуална сопственост е да ги оспособи студентите за следново:<br>• да го разберат комплексниот систем на правото на интелектуална сопственост, како и неговата правна нормираност<br>• да ги разберат различните видови права на интелектуална сопственост и начинот на нивно настанување, остварување и заштита<br>• да можат на соодветен начин да ги ставаат во промет правата на интелектуална сопственост<br>• да се подготват за полагање на стручни испити за застапници во областа<br>• да стекнат способност за ефикасна примена на регулативата од оваа област, како ново и перспективно правно подрачје. | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Наставните содржини кои се обработуваат во рамките на предметната програма се наведени како тематски целини и опфаќаат:<br>1. Поим, систем и значење на правото на интелектуална сопственост<br>2. Домашните и меѓународните извори на правото на интелектуална сопственост<br>3. Субјекти и носители на правата од интелектуална сопственост<br>4. Содржина на правата од интелектуална сопственост<br>5. Патентно право и посебните правила за патентот, корисниот модел, знаењето и искуството и топографијата на интегралните кола<br>6. Правната уреденост на индустрискиот дизајн како посебно право од индустриска сопственост<br>7. Трговската марка како право од индустриска сопственост, овластувањата на нејзиниот носител и модалитетите преку кои се искористува трговската марка<br>8. Правната заштита домен имињата и нивниот однос со другите права на интелектуална сопственост<br>9. Правна заштита на географските називи преку ознаката на потеклото и географската ознака.<br>10. Основи на авторското право и сродните права и системот на заштита на правата на авторите и носителите на сродни права<br>11. Методи на ограничување на содржината на авторското право и сродните права, нивното траење и остварување<br>12. Промет со правата на интелектуална сопственост и тоа: модалитети на промет со авторското право и сродните права, основи на авторското договорно право, издавачки договор, договор за јавно изведување/претставување на авторско дело, договор за нарачка на авторско дело, договор за пренос на права од индустриска сопственост, договор за лиценца и договор за франшиза<br>13. Правни средства за правна заштита на правата од интелектуална во случај на нивна повреда или загрозување и тоа: граѓанскоправна заштита на правата на интелектуална сопственост во парнична постапка, во постапка на извршување заради обезбедување и извршување врз права на интелектуална сопственост; казненоправна заштита на правата од интелектуална сопственост; управноправна заштита на правата од интелектуална сопственост.<br>14. Институции надлежни за заштита на правата на интелектуална сопственост, нивна надлежности и функции и тоа: Државен завод за индустриска сопственост, Министерство за култура, Царинска управа, надлежни инспекторати, полиција, јавно обвинителство, судови и сл.<br>15. Економско значење на правата на интелектуална сопственост за деловната заедница. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | интерактивни предавања, практична работа на задачи на час, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, излагања на практичари од областа на интелектуалната сопственост. |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 200 часа |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 75+0+25+0+100 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 75 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 25 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 поени |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 поени |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 поени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | / | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22.** | **Литература** | | | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Дабовиќ-Анастасовска, Ј. и Пепељугоски В. | Право на интелектуална сопственост | Академик, Скопје | 2012 |
| | | **2.** | Прајм, Т. | Европско право на интелектуална сопственост | Просветно дело | 2009 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **3.** | | Закон за авторското право и сродните права | | |
| | | **4.** | | Закон за заштита на топографијата на интегралните кола | | |
| | | **5.** | | Закон за индустриската сопственост | | |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Дабовиќ-Анастасовска, Ј., Здравева, Н. и Гавриловиќ, Н. | Основи на правото на интелектуална сопственост: практикум | Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, | 2011 |
| | | **2.** | Дабовиќ-Анастасовска, Ј. | Договор за лиценца: начин за водење бизнис | Центар за европско применето право и економија (ЦЕППЕ) Скопје | 2009 |
| | | **3.** | Дабовиќ-Анастасовска, А. и Пепељугоски В. | Авторско право | Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје | 2015 |